Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки

Бр. 16-16614/1

Скопје, 7.7.2020 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

**Предмет:** Барање за доставување податоци

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ги доставите следниве податоци:

1. Податоци за капиталот и акционерската структура, и тоа:

   - структура на акционерскиот капитал според видот на акционерот и според видот на акциите (обични и приоритетни акции) со состојба на 30.6.2020 година (образец бр. 1(1));
   - структура на акционерскиот капитал според земјата на потекло на акционерите со состојба на 30.6.2020 година (образец бр. 1(2));

2. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 30.6.2020 година (образец бр. 2);

3. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 30.6.2020 година (образец бр. 3);

4. Број на примени, прифатени и одбиени кредитни барања во првата половина од 2020 година, за одделните кредитни производи од физичките лица и вкупно од нефинансиските друштва, за секој месец одделно? (образец бр. 4);

5. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во вториот квартал од 2020 година (образец бр. 5);

6. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во вториот квартал од 2020 година (образец бр. 6);

7. Податоци за износот и бројот на станбените кредити одобрени на физички лица, коишто користат субвенционирање на станбен кредит, согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/11, 24/13, 43/14, 109/14 и 6/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19). Прашањето го одговараат банките коишто согласно погоренаведениот закон склучиле договор со Министерството за финансии за одобрување на субвенционирани станбени кредити под услови и на начин утврдени со овој закон (образец бр. 7);

8. Податоци за кредитите на нефинансиски друштва според дејности, валута и големина на друштвата (Образец бр. 8);

9. Податоци за кредитите на нефинансиски друштва врз основа на финансирање на проекти, по дејности и валута (Образец бр. 9).

10. Податок за висина соодносот помеѓу износот на вкупните месечни обврски на физички лица врз основа на кредитна изложеност кон банките и вкупниот месечен приход – „показател ДТИ" (анг. Debt-to-Income):

    а) Максимална дозволена висина на „показателот ДТИ" како што е предвидено со интерните акти на банките;
    а) Просечна висина на „показателот ДТИ" во кредитното портфолио на банките, со состојба на 30.6.2020 година.

    Висината на „показател ДТИ" под а) и под б) да се даде во онаа структура (по рочност, и/или валута, и/или кредитен производ итн.), како што е предвидено со интерните акти на банката и како што банката го пресметува и следи овој показател во пракса.

Ве молиме да ги доставите овие податоци до Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки по електронски пат на IlievskaM@nbrm.mk, најдоцна до 7.8.2020 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Маја Илиевска (IlievskaM@nbrm.mk) или Татјана Терзијанова (SokolovaT@nbrm.mk).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева